Македонија

The Global Language of Business

# Отворен ден на GS1 Македонија 2019

## Со GS1 стандардите за менаџмент во транспортот и логистиката до зголемена конкурентност, бизнис раст и дигитализација

Четврток, 28.11.2019



## ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| 09:30 – 10:00 | **Регистрација на учесниците** |
| 10:00 – 10:10 | Отворање на настанот и обраќање на заменик министерот за економија – **г-дин Кирил Колемишевски** |
| 10:10 – 10:20 | Поздравен говор на директорката на GS1 Македонија и претставување на предавачите – **г-ѓа Слаѓана Милутиновиќ** |
| 10:20 – 10:40 | GS1 стандардите како интегрален дел на процесите на следливост, транспортот и логистиката – **г-дин Срѓан Милутиновиќ, GS1 Македонија** |
| 10:40 – 11:00 | Слеедливост и придобивки од GS1 стандардите во фармацевтска индустрија – **г-дин Никола Димовски, директор на ИТ&Т, АЛКАЛОИД АД, Скопје** |
| 11:00 – 11:20 | Бизнис анализа на секторите Транспорт, Логистика и Пошти – **г-дин Огнен Огненоски, генерален менаџер, ТАРГЕТ ГРУП ДОО, Скопје** |
| 11:20 – 11:40 | Имплементација на GS1 стандардите во софтверските решенија – **г-дин Славчо Бујароски, директор, СИГМА-СБ, Скопје** |
| 11:40 – 12:00 | Практична примена на GS1стандардите во оптимизација на процесите на работа во магацинот, логистиката и транспортот – **г-дин Горјан Атанасовски, супервизор за логистика НЕЛТ СТ ДООЕЛ, Скопје** |
| 12:00 – 12:20 | Успешни приказни во делот на логистиката при примена на WMS решение – **г-ѓа Ана Јанкулова, директор на логистика и проект менаџер, КВЕНБЕРГЕР ЛОГИСТИК МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ, Скопје** |
| 12:20 – 12:40 | **Дискусија** |
| 12:40 – 14:00 | **Коктел дружење со вмрежување на учесниците** |

GS1 Македонија

Глобален Јазик на Бизнисот

# GS1 Системот на Стандарди - интегрален дел на процесите во Транспортот и Логистиката

## Имплементација на GS1 Стандардите за подобра следливост и ефикасност на процесите во синџирите на снабдување


Срѓан Милутиновиќ,
GS1 Македонија


Скопје, 28.11.2019



# GS1 – организација водена од потребите на своите корисници



- Има разбирање за проблемите на Индустриите и на сите засегнати страни
- Ги олеснува соработката и комуникацијата меѓу трговските партнери
- Ја води координацијата за исполнување на потребите на индустриите
- Овозможува поддршка во Имплементацијата на GS1 Стандардите



© GS1 Македонија 2019

# GS1 низ бројки

- **Глобална присутност на GS1** со **115** локални Организации Членки во **целиот свет**
- **2+ милиони компании** ги користат GS1 стандардите
- **100+ милиони производи** се означени со GS1 баркодовите
- **5+ милијарди GS1 баркодови** се скенираат секој ден


© GS1 Македонија 2019

# GS1 Македонија низ бројки

- **25 години стратешко партнерство со македонското стопанство**
- **1.200+ компании** ги користат GS1 стандардите
- **100.000+ производи** се означени со GS1 баркодовите
- **1+ милион GS1 баркодови** се скенираат секој ден


© GS1 Македонија 2019

# Партнерска соработка на GS1

United Nations

WORLD CUSTOMS ORGANIZATION
ORGANISATION MONDIALE DES DOUANES

The Consumer Goods FORUM

World Health Organization

ISO

NATO

***... И многу други!***



© GS1 Македонија 2019

# Што се Стандарди?

- Стандардите се договори што ја структурираат секоја активност или која било индустрија.
- Стандардите можат да бидат правила или упатства што секој ги применува.
- Стандардите можат да бидат начин за мерење, опишување или класификација на производи или услуги.
- Стандардизацијата е доброволно соработка помеѓу индустриите, потрошувачите, државните органи, истражувачите и другите засегнати страни за развој на технички спецификации засновани врз консензус


© GS1 Македонија 2019

# Што кога нема глобално прифатени стандарди…?




**Не постојат глобално унифицирани броеви за означување на големините на чевли!**

Затоа компаниите следејќи ги внимателно регионалните специфичности па дури и разликите помеѓу земјите во еден ист регион мораат…

Различно да ги означуваат истите модели за различните целни пазари

Партнерите да прават прилагодувања на документите како нарачки, фактури, испратници, приемници итн.

**Исход? Дополнителни трошоци кои компаниите ги чинат многу и мораат да ги пресметаат и пренесат на купувачите…!**



© GS1 Македонија 2019

# А чевлите беа само едноставен пример!



**Без стандарди,**
деловните процеси би биле многу сложени, особено за компаниите кои произведуваат производи од голем број компоненти кои доаѓаат од различни места…



© GS1 Македонија 2019

# Важна улога на Стандардите

- Стандардите се основа за јасна, разбирлива размена помеѓу компаниите во глобализираната економија.
- Стандардите помагаат во одржување на трошоците пониски за сите.


© GS1 Македонија 2019

# GS1 стандарди: бенефити и вредности



Доверба



Интероперабилност



Транспарентност & Видливост

GS1 стандардите обезбедуваат зголемена доверба поради тоа што овозможуваат системите и процесите помеѓу трговските партнери да работат ефикасно и ефективно.
Кога вие и вашите трговски партнери ги користите GS1 стандардите за да ги идентификувате, снимате и споделувате информациите за производите, овозможувате интероперабилност.
Интероперабилноста е клучна за постигнување на транспарентност и видливост со во синџирот на снабдување со вашите трговски партнери, проекти за следливост и иницијативи

GS1 Македонија



© GS1 Македонија 2019

# GS1 Глобалните Стандарди...

- Ја намалуваат комплексноста:
  - ✓ Меѓу компаниите кои деловно соработувват
  - ✓ На развојот на хардверот и софтверот, т.е. на процесот на имплементацијата
- Се намалуваат трошоците:
  - ✓ На имплементацијата
  - ✓ За хардверите, софтверите, интеграцијата и одржувањето
  - ✓ Ја олеснуваат соработката на деловните партнери
- Овозможуваат компаниите да се фокусираат на користењето на информациите, а не само на начинот за нивна размена
- Овозможуваат развој, имплементација и користење на напредна електронска бизнис комуникација на сите играќи во синџирите на снабдување во врска со сè преку системи за Електронска Размена на Податоци (EDI)


© GS1 Македонија 2019

# GS1: Глобален Систем на Стандарди

**GS1 дизајнира и имплементира глобален систем на стандарди на синџирот на снабдување**

GS1 стандардите обезбедуваат **рамк**а што овозможува **производите, услугите и информациите** за нив да се движат ефикасно и безбедно во корист на деловните активности и **подобрување на животите** на луѓето, секојдневно, насекаде


© GS1 Македонија 2019

# GS1: Глобален Систем на Стандарди /2

**GS1 ги обединува компаниите кои ги претставуваат сите делови на синџирот на снабдување**

Производителите, дистрибутерите, трговците на мало, болниците, транспортерите, царинските организации, девелоперите на софтвери, локалните и меѓународните регулаторни органи… …**работат заедно под наше водство** за создавање стандарди



© GS1 Македонија 2019

# Секојдневни и насекаде...
# GS1 стандардите ги користат…

Малите маалски дуќани

&

Локално, регионално или светски познатите брендови трговски компании

Индивидуалните мали производители

&

Големите Мултинационални компании



© GS1 Македонија 2019

# GS1: Глобален Јазик на Бизнисот

GS1 обезбедува **заеднички јазик** што обезбедува клучните процеси да се одвиваат непречено во сите индустрии и помеѓу сите засегнати страни





© GS1 Македонија 2019

# GS1 Стандардите можат да ви помогнат...

Глобална Идентификација

Редуцирано време на испорака

Следливост

Прибирање и Размена на податоци

Воспоставување на EDI

Контрола на инвентар и средства

Структурирање на податоците

Оптимизирана контрола на залихи

Развој и користење на е-каталози

Квалитет на податоците

Зголемена продажба

Развој на е-трговија

Развој на е-фактурирање

Подобрено отповикување и повлекување на производи





© GS1 Македонија 2019

# Приоритетни индустрии на фокус на GS1 Стандардите

- **Трговија на големо и мало**
  - Производи за широка потрошувачка и секојдневни намирници
  - Облека, Обувки и модни додатоци
  - Свежа храна
  - Општа трговија
- **Здравство и Фармација**
- **Транспорт и Логистика**
- **Производство и дистрибуција на Храна**
- **Технички Индустрии**


© GS1 Македонија 2019

# Идентификација

# Прибирање

# Размена

## GS1 Стандарди за Идентификација

**Компании и Локации**
- Глобален Локациски Број **(GLN)**

**Производ**
- Глобален Број на Трговска Единица **(GTIN)**
- Серијализиран Број на Трговска
- Единица **(SGTIN)**

**Транспорт и Логистика**
- Сериски Код на Контејнер за Испорака **(SSSC)**
- Глобален Идентификациски Број на Пратка **(GSIN)**
- Глобален Идентификациски Број на Товар **(GINC)**

**Средства**
- Глобален Идентификатор на Индивидуално Средство **(GIAI)**
- Глобален Идентификатор на Повратно Средство **(GRAI)**

**Други, но исто така важни**
- Глобален Број на Услужен Однос **(GSRN)**
- Глобален Идентификатор на Тип на Документ **(GDTI)**
- Глобален Број на Купон **(GCN)**
- Глобален Број на Модел **(GMN)**
- Идентификатор на Компонента/Дел **(CPID)**

## GS1 Стандарди за Прибирање

**GS1 Баркодови**

EAN/UPC

GS1-128

GS1 DataBar

ITF-14

GS1 DataMatrix

GS1 QR Код

GS1 Композитен Баркод

**GS1 EPC/RFID**

Електронски Код на Производ – Electronic Product Code (EPC)/RFID

EPC HF Gen 2

EPC UHF Gen 2

## GS1 Стандарди за Размена

**Матични Податоци (Master Data)**
- Глобална Мрежа за Синхронизација на Податоци (Global Data Synchronisation Network - **GDSN**)
- Глобална Класификација на Производи (Global Product Classification - **GPC**)
- GS1 SmartSearch
- GS1 Digital Link
- GS1 Mobile Ready Hero Images

**Трансакциски Податоци (Transactional Data)**
- Електронска Размена на Податоци (Electronic Data Interchange - **EDI**)
  - ✓ EANCOM
  - ✓ GS1 XML
  - ✓ GS1 UN/CEFACT XML

**Податоци на Случувања Event (Event Data)**
- Информациони Системи базирани на користење на Електронски Код на Производ (Electronic Product Code Information Services – **EPCIS**)

# Примена

**Ефикасност, моќност и точност на Бизнис процесите**
- Следливост
- Интернет на Нештата (Internet of Things – IoT)

GS1 Македонија

# GS1 Архитектура на Брендот




Македонија

# GS1 Идентификациските Клучеви /1

- Единствени: секоја варијанта на единица добива посебен единствен број
- Ја идентификуваат единица но не содржат информации за истиот
- Интернационални: GS1 Идентификациските Броеви се единствени во сите земји и сите сектори
- Безбедни: GS1 броевите се броеви со фиксни должини, нумерички и содржат стандардна контролна цифра
- Целата симбологија и апликационите идентификатори се усвоени од ISO


© GS1 Македонија 2019

# GS1 Систем на Стандарди – основа за следливост






© GS1 Македонија 2019

# Што е Следливост?

Следливост значи имање можност да се следи историјата, примената или локацијата на некој предмет. Од аспект на производ или услуга, следливоста може да се однесува на потеклото на материјалите и деловите, историјата на обработка, дистрибуцијата и локацијата на производот или услугата по испораката.

- Дефиниција според GS1



# Примена на Следливоста:

## Видливост долж целиот дистрибутивен синџир

- **Што, кога, каде, зошто?**
- **Идентификување на производите**
- **Означување (етикетирање)**
- **Примање податоци**
- **Зачувување на податоците**
- **Споделување на податоците помеѓу учесниците**





© GS1 Македонија 2019

# Довербата започнува со Следливост

Следливоста е во сè поголем фокус кај трговските партнери, потрошувачите и регулаторите. Бидејќи глобализацијата продолжува да додава разновидност и сложеност во синџирите на снабдување, исто така расте потребата да се дознае потеклото на суровините, бројот на производствени локации и сложените рути за испорака, попатното складирање и потребните услови за задржување на квалитетот на производите и многу други параметри на патот кон потрошувачот.

Неколку фактори, вклучително и побарувачката на потрошувачите, го водат трендот за поголема видливост и транспарентност. Глобализацијата додава сложеност и ризик за текот на движењето на производот низ синџирот на снабдување и размена на податоците потребни за непречен тек и негова поддршка. Зголемената сложеност на синџирот на снабдување со производи воведува дополнителни ризици за трговските партнери и потрошувачите.


© GS1 Македонија 2019

# Зошто следливост?





© GS1 Македонија 2019

# Зошто следливост?

## Неопходност за сите трговски партнери

- **Сигурно и навремено повлекување на производи**






© GS1 Македонија 2019

# Зошто следливост?
## Неопходност за сите трговски партнери

- Сигурно и навремено повлекување на производи

- **Безбедност на потрошувачот**




© GS1 Македонија 2019

# Зошто следливост?
## Неопходност за сите трговски партнери

- Сигурно и навремено повлекување на производи
- Безбедност на потрошувачот
- **Борба против фалсификувањето**





© GS1 Македонија 2019

# Зошто следливост?
## Неопходност за сите трговски партнери

- Сигурно и навремено повлекување на производи
- Безбедност на потрошувачот
- Борба против фалсификувањето
- **Усогласеност со Регулативи и прописи**





© GS1 Македонија 2019

# Зошто следливост?
## Неопходност за сите трговски партнери

- Сигурно и навремено повлекување на производи
- Безбедност на потрошувачот
- Борба против фалсификувањето
- Усогласеност со Регулативи и прописи
- **Логистичка ефикасност**




© GS1 Македонија 2019

# Зошто следливост?
## Неопходност за сите трговски партнери

- Сигурно и навремено повлекување на производи
- Безбедност на потрошувачот
- Борба против фалсификувањето
- Усогласеност со Регулативи и прописи
- Логистичка ефикасност
- **Поддршка на маркетинг стратегиите**




© GS1 Македонија 2019

# Следливост со GS1 стандардите - резиме

- Побезбедни производи (храна и производи за широка потрошувачка, производи од фармацевтската и здравствената индустрија итн.)
- Способност за автентикација на производи
- Поефективно, ефикасно управување со синџирот на снабдување
- Зголемена способност да се постигне високо ниво на усогласеност со регулаторните барања


© GS1 Македонија 2019

# Цели на GS1 во Т&Л

## GS1 Транспорт & Логистика



**Целта** на GS1 во поглед на Трансапортот и Логистиката е да се подобри **ефикасноста** и **видливоста** на **Транспортно-Логистичките операции** на засегнатите страни во синџирите на снабдување преку примена на **GS1 Глобалните Стандарди**



© GS1 Македонија 2019

# GS1 Транспорт & Логистика

## Транспорт & Логистика

### Ефикасност

- Намалени трошоци
- Интероперабилност
- Видливост на текот на движењето на стоките

### Безбедност

- Усогласеност со регулативите
- Поддршка за безбедноста на производите

### Соработка

- Дополнителна вредност на комуникацијата со превозниците и логистичките оператори

### Одржливост

- Намалени емисии на $CO_2$
- Помалку отпад за пакување
- Помалку хартиени документи
- Помалку „празен“ од

### Решенија

Соработка за решавање на проблемите преку примена на глобални стандарди

Процес Од ннарачка до Плаќање, Автоматизиран Прием на Стоки, Следливост на Производите итн.

### Сервиси

Развој на станарди, поддршка при имплементацијата и примената

Развој на стандарди, тренинзи и едукација, бази на податоци, консултации итн.

### GS1 Систем на Стандарди

Видливост во синџирот на снабдување

**Идентификација**

GS1 Идентификациски Клучеви

**Прибирање на Податоци и Обработка**

GS1 Баркодови
GS1 EPC/RFID

**Размена**

GS1 eCom
GS1 GDSN
GS1 EPCIS



© GS1 Македонија 2019

# Зголемена ефикасност на Т&Л процесите со GS1 Системот на Стандарди







**21%** покус процес од утовар до испорака (Lead Time in T&L)

**42 %** пониски дистрибутивни трошоци



© GS1 Македонија 2019

# GS1 Стандарди во Транспорт и Логистика

Информации за пратките во секој момент, од каде тие доаѓаат и кога и каде истите ќе пристигнат. Користењето на GS1 Стандардите дава точни и навремени информации за движењето на стоките од точка до точка во синџирот на снабдување, а тоа на бизнисите им овозможува носење на добри одлуки.

GS1 Стандардите можат да го намалат времето на испорака за цели 74%. Транспортот и логистиката имаат значајна улога во синџирот на снабдување и денес не постои ни една транспортна или логистичка фирма која може ефикасно да работи без имплементирани информатички технологии и размена на електронски податоци.



© GS1 Македонија 2019

# GS1 Стандарди во Транспорт и Логистика

GS1 има изработено група на препознатливи стандарди кои се применуваат во Транспортот и Логистиката, но применливи и во сите други индустрии.

- Сериски код на контејнер (SSCC) за уникатно обележување на логистичките единици ширум светот.
- Стандарди за размена на бизнис пораки XML и EANCOM формат.
- Апликациски идентификатори (AI) посебно развиени за идентификација на логистички единици и тоа AI (401) за пратка и AI (402) за консигнација како и апликациски идентификатори кои се поврзани со идентификација на локации кои се идентификуваат преку GS1 ID клучот GLN.


© GS1 Македонија 2019

# Идентификација:
# GS1 клучевите – КЛУЧНИ во Т&Л





© GS1 Македонија 2019
GS1 Македонија

# Хиерархија на пакување и означување





© GS1 Македонија 2019

# GS1 Логистичка Етикета








© GS1 Македонија 2019

# Структура на  GS1 логистичката етикета

Информација во слободна форма

( лого, текст и сл.)

Информација во форма на  текст

Претставување на  бар кодот

назив и содржина на  податокот

Бар кодови и нивна за луѓето читлива интерпретација

GS1-128

SSCC



# ... Основа за EDI



# Што е GS1-128 Баркод

- GS1-128 е симбологија која овозможува запишување на повеќе информации во еден баркод.
- Освен GTIN може да содржи атрибути како што се: лот, датум употребливо до, нето тежина, количина, место на испорака …
- Не е наменет за читање (скенирање) на малопродажно место (Point of Sale), туку се користи исклучиво во логистика



© GS1 Македонија 2019

# Предности на GS1-128 Баркод симболот

- Интегрира повеќе апликациони идентификатори (бар код симболи)
- Компактен е и штеди простор
- Ги намалува трошоците за изработка на повеќе етикети (лабели)
- Ја подобрува сигурноста на распознавањето (скенирањето)
- Го користат и разбираат сите учесници во дистрибутивниот синџир.


© GS1 Македонија 2019

# Како изгледа GS1-128? - пример

(02) 9540010204468 7 (15) 041231 (3102) 009660 (37)10

(02) = GTIN на трговска единица содржана во логисти~ка единица.

(15) = датум „употребливо до“

(3102) = нето тежина (кг)

(37) = број на трговски единици содржани во логистичка единица



© GS1 Македонија 2019

# SSCC е единствен задолжителен податок на етикетата





© GS1 Македонија 2019

# Структура на SSCC





© GS1 Македонија 2019

# Пример за три последователно генерирани SSCC



(00) 3 531 12345 00000001 5

(00) 3 531 12345 00000002 2

(00) 3 531 12345 00000003 9



© GS1 Македонија 2019

# GS1 Стандарди - Бројни можности и бенефити за Т&Л Операторите



- Менаџмемент на Транспортот
- Менаџмент на Испораки и Приеми
- Менаџмент на Складишта
- Менаџмент на Средства
- Менаџмент на Прекугранични Процедури

GS1 Македонија

# Последната Милја – предизвик за Т&Л /1

- Речиси 45 години, GS1 стандардите им служат на засегнатите страни во глобалните синџири на снабдување исклучително добро, заштедувајќи им милијарди долари преку зголемената ефикасност на процесите, квалитетот на податоците и безбедноста на потрошувачите. И како што се развива светот на трговијата, така и вредноста на GS1 стандардите расте.
- Малопродажбата доживува драматична трансформација од 2010 година.
- Главната причина: брзиот пораст на е-трговијата.
- Euromonitor International предвидува дека глобалната е-трговија ќе вреди 1,8 илјади милијарди € во 2021 година.
- Брзиот раст на е-трговијата целосно ја помести рамнотежата на силите во трговијата и потрошувачите станаа најмоќниот чинител.

**Глобална Интернет продажба, во илјади милијарди (трилиони) €**




*Извор: Euromonitor International*



© GS1 Македонија 2019

# Последната Милја – предизвик за Т&Л /2

- Е-трговијата предизвикува бран на промени во начинот на кој компаниите комуницираат со купувачите и деловните клиенти. За да се исполнат растечките очекувања на клиентите во денешниот омни-канален свет, компаниите ги трансформираат сите аспекти на нивните деловни активности.
- Ова е особено точно за процесите на транспорт и логистика (Т&Л) кои се под влијание на бројот на пратки во постојан пораст, намалената големина на нарачките и растечкиот список на преференци за опции на испорака. Големите компании за е-трговија и разните старт-ап компании ги идентификуваа услугите на последната милја како клучен фактор на конкурентноста кој прави разлика.
- Со пристап до производи од целиот свет, клиентите донесуваат одлуки за почесто купување и на поголем број помали нарачки. Ова предизвикува значителен пораст на бројот на потребни испораки во најкус временски период. Со тоа што поголемиот дел од испораките (и повратите) се вршат во урбаните, сообраќајно хаотични области, а трошоците за испорака се зголемуваат.


© GS1 Македонија 2019

# Трансформација на Последната Милја /1

- Клиентите комуницираат преку повеќе канали, огромни количини на податоци се собираат од засегнатите страни во омни-каналот. Постои можност (и предизвик) оваа клиентска интелигенција да се претвори во активен увид и насока за подобрување на начинот на испорака во последната милја.
- Потребни нови парадигми на Т&Л за да се справат со предизвиците на оваа нова околина за купување - каде што моќта на сите засегнати страни се зголемува. Во Европската Унија (ЕУ) воведена е стандардизирана „хармонизирана етикета за пратки“ Изградена по углед на GS1 Логистичката Етикета и задолжително го содржи GS1 SSCC кодот за да се овозможи интероперабилност меѓу сите засегнати страни во синџирот на снабдување.






GS1 Македонија

# Трансформација на Последната Милја /3

Хармонизираната Етикета за Пратки на Европскиот Комитет за Стандардизација (CEN) го усвои GS1 SSCC за задолжителна идентификација за сите испораки на пратки. Голем број на бенефити се остваруваат за потрошувачите, онлајн трговците и превозниците

- Онлајн трговците и провајдерите на логистички услуги многу поглатко ќе соработуваат и ќе остварат поголем број нови партнерства
- Онлајн трговците на мало ќе понудат повеќе опции за испорака на потрошувачите
- Потрошувачите почесто ќе можат да ја изберат опцијата која најмногу им одговара
- Потрошувачите и трговците на мало преку Интернет ќе имаат можност да ги следат сите нивни нарачки на ист начин базиран на SSCC
- Активностите кои генерираат отпад и можни грешки (на пр. Ре-етикетирање) ќе се намалат
- Услугите за испорака ќе станат посигурни
- Трошоците за услуга за испорака ќе се намалат значително



© GS1 Македонија 2019

# Хармонизирана „CEN“ Етикета: CEN/TS17073*







| Zone | Information content | Mandatory (M)/ Conditional (C) |
|---|---|---|
| **A0** | **Origin operator** | **M** |
| A1 | Product identifier | C |
| A2 | Network identifier | C |
| A3 | Service level indicator | C |
| **B0** | **Sender name** | **M** |
| **B1** | **Sender address** | **M** |
| B2 | Sender telephone number | C |
| B3 | Sender customer account number | C |
| **C0** | **Addressee name** | **M** |
| **C1** | **Addressee address** | **M** |
| C2 | Addressee telephone number | C |
| D | Instructions | C |
| **E1** | **Item identifier (S10)** or other unique identification of the item as defined by proprietary carrier coding, including the UPU implementation of ISO/IEC 15459-1 (the licence plate standard) and an associated label for the identification of parcels | C / M[a] |
| **E2** | **Item identifier (SSCC)**<br>Unique identification (SSCC) of the item is based on the company prefix of the shipper (GCP) as defined by GS1.<br>NOTE GS1 is a non-for-profit organisation. Users might need a license issued by GS1. | C[b] / M |

a The UPU Item identifier is mandatory for postal items within the UPU network, as specified in the UPU treaties and conventions.

b In case only UPU designated postal operators are involved in the cross-border delivery they may choose to use the UPU identifier only.

When the Item is intended to be transported in the UPU network (by those postal operators, designated by the member states to fulfil the obligations of the treaties of the UPU) there might be no need for another barcode but the UPU S10 compliant barcode. It is possible (due to the technical capabilities of the different postal administrations) to have challenges when UPU S10 compliant identifiers and SSCC identifiers are used on the same label.

*CEN/TS 17073:2017 - Поштенските серивиси – интерфејси за прекугранични пратки

Извор: www.ecommerce-europe.eu


© GS1 Македонија 2019

# GS1 Македонија - сервиси





© GS1 Македонија 2019

# GS1 Македонија - сервиси



gs1mk.org.mk/Services/Accreditation/

Добредојдовте во GS1 Македонија
The Global Language of Business
Македонија

Глобална канцеларија | Аплицирај за бар код

Custom Search

Влез во „Мој GS1"

За нас | Аплицирај за бар код | Индустрија | Стандарди | Услуги | Поддршка | Партнери

Македонски | English

## Акредитација

### Вовед

Современите услови на работење, интерактивниот однос на учесниците во пазарната конкуренција и борбата за афирмација и опстанок на пазарот бараат секојдневно донесување на нови стратешки одлуки и нивна адекватна оперативна имплементација.

Квалитетен систем на Акредитација подразбира постоење, редовно ажурирање и достапност на целосни, прецизни информации за сертифицирано деловно користење, во национални и меѓународни рамки, на доделените компаниски префикси - Единствени матични GS1 броеви (GS1 ЕМБ) на членките на GS1 Македонија како основа за легално и стандардизирано баркодирање на нејзините производи и услуги, формирање на глобалните локациски броеви (GLN) и регистарот на Глобалните броеви на трговските производи и услуги GTIN (Global Trade Item Number).

Сертифицирана акредитацијата е доказ за бонитетот на фирмата во Меѓународниот G1 систем и правилната имплементација на стандардите на GS1 системот во сите негови сегменти.

Право на сертифицирана акредитација во GS1 системот GS1 Македонија, GS1 in Europe и Мегународната GS1 Организација имаат сите членки на GS1 Македонија освен оние кои се во стечај или ликвидација, со непријавена статусна промена во последните две години, односно со неподмирени или нередовно подмирени обврски кон GS1 Македонија по основ на членарина и надоместок за користење на GS1 бројот.

### Основа

Системот за акредитација е воспоставен во 2007 година, со Одлука на Управниот одбор на GS1 Македонија (бр. 47-13/4 од 02.04.2007). Со воспоставување на Регистарот на Акредитирани фирми и негово објавување на web страната на GS1 Македонија, реализирана е значителна интеграција и стандардизација на податоците во GS1 Македонија. Паралелно со тоа се одвива и процесот на истакнување на значајот и промоција на улогата на Акредитацијата за членките на GS1 Македонија.

**Дознајте повеќе**

PDF
ОДЛУКА за воведување на систем за акредитација за членките на GS1 Македонија

**Корисни линкови**

- Промоција на проектот "Акредитација" на Генерално Собрание 2008
- Акредитирани членки
- Проверка на контролна цифра
- Мој GS1

# GS1 Македонија - сервиси






© GS1 Македонија 2019

# GS1 Македонија - сервиси



# GS1 Македонија – сервиси



# Благодарам на Вниманието

**Срѓан Милутиновиќ**
Тренинг и Едукација

**GS1 Македонија**
ул. Даме Груев 5,
Скопје, Македонија

**T** +389 (0)2 32 54 250
**M** +389 (0)70 33 36 17
**E** srdjan@gs1mk.org.mk

www.gs1mk.org.mk





© GS1 Македонија 2019